Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 6 октомври 2020 година

Скопје, октомври 2020 година

# З А П И С Н И К
## од Деветтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 октомври 2020 година

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев, како и Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р  Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, Мила Царовска, министер за образование и наука, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа м-р Еневер Хусеин, заменик на министерот за труд и социјална политика и Седат Сулејмани, заменик на министерот за култура, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Билјана Пецовска, нотар и Тања Чачарова-Илиевска од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и д-р Ирена Стефоска, министер за култура.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

**- Усвојување на записникот од 5-та седница на Владата, одржана на 22 септември 2020 година**

1. Записник од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 5 октомври 2020 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 5 октомври 2020 година

2. Информација во врска со потребата од обезбедување на дополнителни 100 милиони евра средства во вид на нова шеста кредитна линија од Европската инвестициона банка за финансирање на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти

3. Информација за потребата од дополнување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од Компензационите фондови од странска помош

4. Информација за индикативни услови за финансирање на ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола од ЕБОР (Европската банка за обнова и развој)

5. Предлог - одлука за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен

простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (КП бр.9730/1 КО Виница и КП бр.10297/1 КО Виница)

6. Извештај за дополнителна контрола на терен за отстапување во градењето и габаритот на бесправно доградените објекти во Старата Скопска Чаршија

7. Годишен извештај за Осврт на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија за 2019 година

8. Информација за обезбедување на финансиски средства за изградба на нова административна зграда за потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство, со дополнување

9. Предлог-програма за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година

10. Предлог-програма за изменување на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година

11. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 940 КО Небрегово) ДП 03-19/20

12. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (КП 5450 КО Крушево) ДП 03-18/20

13. Предлог-одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година

14. Предлог на закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и „Макпетрол“ АД Скопје по пат на спогодба, по скратена постапка

15. Предлог-програма за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година

16. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година

17. Предлог-програма за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година

18. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Валандово

19. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог-одлуки (21)

20. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог-одлуки

21. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука

22. Информација за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, со Предлог-одлука

23. Информација за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување отпад, со Предлог-одлука (Министерство за финансии – Царинска управа)

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (фабрика за изработка на алуминиумски, пвц прозори и врати) КО Тетово вон град, Општина Тетово, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Блаце Кале, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици во Република Северна Македонија наплатна станица Демир Капија, КО Демир Капија, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Сараќино, Општина Тетово, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75) КО Тремник, Општина Неготино, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на приклучок и пристапен пат до МХЕЦ „Острилска" со реф.бр. 235 КО Острилци, Општина Крушево, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производен комплекс) КО Сарај, Општина Сарај, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вон градежен, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

33. Информација за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуален земјоделец „Илинка" Илинка Драги Савева с. Зрновци, со Предлог-одлука

34. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Стенлеј', ДООЕЛ, Свети Николе, со Предлог-одлука

35. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДПЗТУ „Џемал и Беџет", ДОО, ул.1, с. Доленци, Битола, со Предлог-одлука

36. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „КО Желино", Општина Желино, со Предлог-одлука

37. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-мермер на локалитетот „Габосово Рамниште", Општина Прилеп, со предлог-одлуки

38. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Бела вода и Чаршија" Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука

39. Информација во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на метлични минерални суровини на локалитетот „Зелен Град-Јамиште", Општина Пробиштип и Општина Кратово, со Предлог-одлука

40. Информација во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на метлични минерални суровини на локалитетот „Горно Кратово", Општина Кратово, со Предлог-одлука

41. Предлог-одлука за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „с. Вепрчани", Општина Прилеп

42. Предлог-одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина–бакар и злато на локалитетот „Двориште" Општина Берово на Друштвото за производство, трговија и услуги „Резервоар минералс двб", ДООЕЛ Скопје

43. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија „Крин – Производство“, ДОО увоз - извоз с. Беровци, Прилеп на локалитетот „с. Беловодица“, Општина Прилеп

44. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на Акционерско друштво индустрија за градежни материјали Еленица Струмица на локалитетот „с.Раборци“, Општина Струмица

45. Предлог - одлука за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв”, Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустрискиот комбинат „Силекс“, Акционерско друштво - Кратово

46. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Белички Рид” с. Плетвар, Општина Прилеп

47. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на локалитетот „Рамниште“ с.Ораов Дол, Општина Чашка

48. Предлог-одлука за престанок на важење на Концесијата за експлоатација на минерална суровина - секундарни кварцити на локалитетот „Црн врв“ во атарот на Општина Пробиштип и Кратово

49. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Чифличко поле“, Општина Виница

50. Предлог-одлука за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, Штип - Кочани, делница Штип – Крупиште и Проект за рехабилитација и реконструкција на регионален пат Р 1205, делница Пробиштип – Крупиште на минерална суровина - базалт на локалитетот „Ежево Брдо“, Општина Карбинци

51. Информација за потребата од Кодификација на правото во Република Северна Македонија

52. Информација за воведени нови модули во електронските системи за работа на Владата (за процесот на стратешко планирање и за подготовка и следење на реализацијата на проекти, програми и исполнување на заклучоци

од Владата) и нивна поврзаност со новите функционалности на мултиплатформскиот систем за е-влада, со презентација

53. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2021 година

54. Предлог-уредба за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2021 година

55. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2021 година

56. Предлог-уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2021 година

57. Предлог-програма за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година

58. Информација по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца-детска градинка „Ѕуница“ во Гевгелија, со Предлог-одлука

59. Информација по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца – детска градинка „Никулец Креатива” во Скопје, со Предлог-одлука

60. Предлог-одлука за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад (Министерство за труд и социјална политика)

61. Информација за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Недцанн Северна Македонија“, ДООЕЛ, Охрид за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Куманово (амбулантно возило)

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје" - Скопје (5 амбулантни возила)

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар - Скопје (4 товарни моторни возила)

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје (патничко моторно возило Пежо Партнер 1.9 D)

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Липково" - Липково (патничко моторно возило)

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија - Скопје (монтажни модуларни единици)

68. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за промена/дополнување на дејност на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје" – Скопје

69. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.238/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „жалба" и делот „заменува" од член 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр.106/2008)

70. Иницијатива од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.239/20, за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „Биро за лекови" од член 5 став 2 и 5, член 6 став 4, член 7 став 1 и 4 и член 10 став 1 од Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06, 136/11 и 37/16)

71. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.245/2020 за поведување на постапка на одредби од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016)

72. Иницијатива поднесена од Јана Никодиновска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр. 240/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.126/2020)

73. Иницијатива поднесена од Бојан Стојевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.247/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 163 став (3) од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19)

74. Иницијатива поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.237/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија" бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018 и 248/2018)

75. Иницијатива од Панче Докузов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.233/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став 2 и 3, член 7 став 1, член 8 став 3 и член 100 став 6 во делот „и усвојување" и став 8 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19)

76. Понуда од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист број 45312 за КО Битола 4

77. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6515 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1

78. Понуда од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102145 за КО Бутел, Имотен лист бр.101548 за КО Бутел, Имотен лист бр.101267 за КО Бутел и Имотен лист бр.101671 за КО Бутел

79. Понуда од нотар Насер Зибери од Скопје за користење на право на првенствено купување на недвижен имот кој е во сопственост на Република Северна Македонија со Имотен лист бр.518, 8035, 9022 и 9017 за КО Бутел

80. Понуда од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53219 за КО Кисела Вода на КП бр.2950 МВ Првомајска

81. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за втора усна јавна продажба под И.бр.259/18, која ќе се одржи на 8 октомври 2020 година, за КО Ѓорче Петров 6

82. Кадровски прашања

83. Прашања и предлози

84. Финансиски извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година

85. Тримесечен финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ Неготино, за периодот април-јуни 2020 година

86. Информација за објавените огласи за јавни набавки во август 2020 година

87. Информација за извршени пресуди/одлуки на Европскиот суд за човекови права во Стразбур од Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1.1.2016 до 31.12.2019 година

88. Информација за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за август 2020 година

89. Информација за распишани постапки за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост по пат на доставување на понуди за површини до 3 хектари

90. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето - задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2020 година

91. Информација за одобрување на Акциските планови кои произлегуваат од техничките комитети на Транспортната заедница

92. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, по скратена постапка

93. Информација по однос на Извадокот од Нацрт-записникот од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 14 септември 2020 година

*

*        *

Владата, без забелешки го усвои записникот од 5-та седница на Владата, одржана на 22 септември 2020 година.

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата го разгледа Записникот од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 5 октомври 2020 година и Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 5 октомври 2020 година и врз основа на предлозите изнесени во расправата на седницата на Владата, ги донесе следните заклучоци:

1. Го усвои Записникот од Петтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, одржан на 5 октомври 2020 година.

2. Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство за овозможување на непречен влез на странски државјани од земјите во регионот, Република Србија, Република Албанија, Република Косово, Република Бугарија, Црна Гора, Република Грција и Босна и Херцеговина (без приложување на медицинска потврда со негативен резултат од RT PCR SARS CoV-2 тест на граничните премини при влез во државата), заради остварување на неопходните потреби на граѓаните, а со доследно почитување на сите мерки и препораки за заштита од Коронавирусот КОВИД-19, имајќи предвид дека во моментов нема

индикации или висок број на импортирани случаи, а со тоа нема ризик по здравјето на населението, почнувајќи од 12 октомври 2020 година (понеделник).

Воедно, Владата препорачува државјаните на Република Северна Македонија да реализираат патувања во земјите од регионот само во случај на итни и неопходни потреби.

3. Алгоритамот за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на Коронавирус КОВИД-19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство и од Министерството за образование и наука, Прилог број 52 од Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19, да се замени со нов Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на Коронавирус КОВИД-19.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирус КОВИД-19 (со која Прилогот број 52 се менува со нов Прилог број 52, а во точката 14. ставовите 4, 5, 6 и 7 се бришат).

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од обезбедување на дополнителни 100 милиони евра средства во вид на нова шеста кредитна линија од Европската инвестициона банка за финансирање на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, во соработка со Министерството за финансии, да се обрати до Европската инвестициона банка, со барање за добивање на нова шеста кредитна линија во износ од 100 милиони евра, наменета за поддршка на мали и средни претпријатија и приоритетни проекти.

2. Се укажува на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, да ја започне постапката за добивање согласност од Министерството за финансии за задолжување обезбедено со државна гаранција.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од дополнување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од Компензационите фондови од странска помош и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје да ги направи промените во Список бр.3, Список бр.4 и Список бр.5.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, да достави одлука за изменување и дополнување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средствата од Компензационите фондови од странска помош со која се овозможува зголемување на средствата за ублажување на ефектите од Коронавирусот за 61 милиони денари.

3. Се задолжува Министерството за финансии, по усвојување на одлуката од заклучокот број 2, да ја извести Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје дека може да врши пласирање на средствата од Компензационите фондови во вкупен износ од 9 милиони евра и истото да го проследи и до Министерството за надворешни работи.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи, по влегување во сила на одлуката, да достави известување до Амбасадата на Јапонија во Република Северна Македонија, со цел информирање дека дополнителни средства во износ од 1 милион евра ќе бидат ставени на управување и администрирање на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје за втората бескаматна кредитна линија.

## Точка 4

Владата ја разгледа Информацијата за индикативни услови за финансирање на ФЕ Осломеј 2 и ФЕ Битола од ЕБОР (Европската банка за обнова и развој) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжува Акционерското друштво за производство на електрична енергија, „Електрани на Северна Македонија“, во државна сопственост, Скопје по завршување на формалната процедура да ја извести Владата за финалните понудени услови за финансирање.

## Точка 5

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за престанок и давање на трајно користење на недвижна ствар на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје (КП бр.9730/1 КО Виница и КП бр.10297/1 КО Виница) и не ја донесе Одлуката, имајќи го предвид негативното Мислење од Општина Виница.

## Точка 6

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Извештајот за дополнителна контрола на терен за отстапување во градењето и габаритот на бесправно доградените објекти во Старата Скопска Чаршија, поради потребата Министерството за култура да достави мислење по Извештајот.

## Точка 7

Владата го разгледа Годишниот извештај за Осврт на Националната политика за управување со радиоактивен отпад и искористени радиоактивни извори во Република Северна Македонија за 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, со цел операционализирање на Заклучокот донесен на 128-та седница на Владата, одржана на 1.4.2019 година во однос на определбата на ЈЗУ Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија да биде оператор на националниот отпад, Владата ги донесе следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за здравство да иницира постапка за изменување и дополнување на Законот за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност и Законот за здравствена заштита.

Согласно ова, да се дополни листата на приоритетни предлог-закони од делокругот на Министерството за здравство кои Владата треба да ги утврди, а Собранието на Република Северна Македонија да ги донесе до крајот на 2020 година и истата да се достави до Собранието.

2. По влегување во сила на горенаведените закони да се пристапи кон соодветно изменување на Статутот и Актот за систематизацијата на работните места на Јавната здравствена установа Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, во насока на:

- формирање на ново независно одделение и вработување на доволен број кадар за новото одделение за извршување на соодветни задачи.

2.1. Да се пристапи кон комплетно техничко и инфраструктурно опремување (соодветни објекти, пат, возила, обезбедување и др.), врз основа на проектна документација, како и комплетно финансирање од страна на Владата и понатамошно годишно финансирање на Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, за спроведување на тековните задачи.

## Точка 8

Владата ја разгледа Информацијата за обезбедување на финансиски средства за изградба на нова административна зграда за потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство, со дополнување, ја усвои Информацијата и даде согласност за повеќегодишно финансирање на изградбата на нова административна зграда за потребите на Агенцијата за храна и ветеринарство, со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство да ги обезбеди потребните средства во висина од 560.000.000,00 денари за изградба на нова административна зграда за потребите на Агенцијата, со следниот начин и динамика на плаќање:

- 2021 година – 150.000.000,00 денари,
- 2022 година – 250.000.000,00 денари и
- 2023 година – 160.000.000,00 денари.

2. Се задолжува Агенцијата за храна и ветеринарство средствата во висина од 560.000.000,00 денари за 2021, 2022 и 2023 година да ги прикаже во буџетските циркулари за истите години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 12**

Владата ја донесе Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижни ствари во корист на Република Северна Македонија во Катастарот на недвижности (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 14**

Владата го разгледа Предлогот на закон за решавање на спорот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Макпетрол АД Скопје по пат на спогодба, по скратена постапка, го утврди и заклучи да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија и м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

**Точка 15**

Владата ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Годишната програма за изградба, продажба и одржување на станбениот простор во сопственост на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Валандово, во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог-одлуки (21), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за труд и социјална политика - Државен инспекторат за труд, во предложениот текст.

2. Новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

3. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Крива Паланка, во предложениот текст.

4. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Куманово, во предложениот текст.

5. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Кочани, во предложениот текст.

6. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Центар за социјална работа во Виница, во предложениот текст.

7. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Делчево, во предложениот текст.

8. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Берово, во предложениот текст.

9. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Дебар, во предложениот текст.

10. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Струга, во предложениот текст.

11. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Тетово, во предложениот текст.

12. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Гостивар, во предложениот текст.

13. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Битола, во предложениот текст.

14. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Македонски Брод, во предложениот текст.

15. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Центар за социјална работа во Кичево, во предложениот текст.

16. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Велес, во предложениот текст.

17. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Кавадарци, во предложениот текст.

18. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Радовиш, во предложениот текст.

19. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Меѓуопштински центар за социјална работа во Неготино, во предложениот текст.

20. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Центар за социјална работа во Кратово, во предложениот текст.

21. Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа Центар за социјална работа во Валандово, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА), со предлог-одлуки и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на институции корисници на проекти финансирани од Инструментот за претпристапна помош (ИПА).

2. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за образование и наука, во предложениот текст.

3. Ја донесе Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за престанок и давање на трајно користење на движни ствари од Министерството за финансии на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија- Скопје, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и давање на трајно користење на движни ствари на Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување отпад, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 24**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (фабрика за изработка на алуминиумски, пвц прозори и врати) КО Тетово вон град, Општина Тетово, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (фабрика за изработка на алуминиумски, пвц прозори и врати) КО Тетово вон град, Општина Тетово, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи предлагачот да го имам предвид укажувањето во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање – Секторот за води.

## Точка 25

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б3-големи угостителски единици КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Блаце Кале, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Б5-хотелски комплекс КО Блаце Кале, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици во Република Северна Македонија наплатна станица Демир Капија, КО Демир Капија, Општина Демир Капија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба и инсталација на електронски систем за наплатни станици во Република Северна Македонија наплатна станица Демир Капија, КО Демир Капија, Општина Демир Капија, во предложениот текст.

## Точка 28

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Сараќино, Општина Тетово, со Предлог – одлуката, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со основна класа на намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Сараќино, Општина Тетово, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се имаат предвид укажувањата во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање – Сектор за води.

**Точка 29**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75) КО Тремник, Општина Неготино, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Државна урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица со придружни и услужни објекти на магистрален пат М1 (А1-Е75) КО Тремник, Општина Неготино, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на приклучок и пристапен пат до МХЕЦ Острилска со реф.бр. 235 КО Острилци, општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на проект за инфраструктура за изградба на приклучок и пристапен пат до МХЕЦ Острилска со реф.бр.235 КО Острилци, Општина Крушево, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производен комплекс) КО Сарај, Општина Сарај, со Предлог - одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија (производен комплекс) КО Сарај, Општина Сарај, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вон градежен, Општина Сопиште, со Предлог одлука (најнов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на

согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сопиште-вон градежен, Општина Сопиште, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата ја разгледа Информацијата за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со индивидуален земјоделец „Илинка“ Илинка Драги Савева с. Зрновци, со Предлог– одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 34**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Друштвото за производство, трговија и услуги „Стенлеј“, ДООЕЛ, Свети Николе, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со ДПЗТУ „Џемал и Беџет“ ДОО ул.1 с. Доленци Битола, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „КО Желино“, Општина Желино, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „КО Желино“ Општина Желино, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – мермер на локалитетот „Габосово

Рамниште“ Општина Прилеп, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за животна средина и просторно планирање ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – варовник на локалитетот „Бела вода и Чаршија“, Општина Ѓорче Петров, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Бела вода и Чаршија“, Општина Ѓорче Петров, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја симна од Дневен ред Информацијата во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на метлични минерални суровини на локалитетот „Зелен Град-Јамиште“, Општина Пробиштип и Општина Кратово, со Предлог-одлука со оглед дека истата е разгледана на Седмата седница на Владата, одржана на 29.9.2020 година.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното барање за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на метлични минерални суровини на локалитетот „Горно Кратово“ Општина Кратово, со Предлог – одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина - метлични минерални суровини на локалитетот „Горно Кратово“ Општина Кратово, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот “с. Вепрчани“, Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар и злато на локалитетот „Двориште” Општина Берово на Друштвото за производство, трговија и услуги „Резервоар минералс двб“, ДООЕЛ Скопје, во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија „Крин-Производство“, ДОО увоз - извоз с. Беровци, Прилеп на локалитетот „с. Беловодица“, Општина Прилеп, во предложениот текст.

## Точка 44

Владата ја донесе Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина – глина на Акционерско друштво индустрија за градежни материјали Еленица Струмица на локалитетот „с. Раборци“, Општина Струмица (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 45

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина – бакар, злато и сребро на локалитетот „Плавица и Црн Врв“, Општина Кратово и Општина Пробиштип на Рударско индустрискиот комбинат Силекс Акционерско друштво - Кратово, во предложениот текст.

## Точка 46

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – мермер на локалитетот „Белички Рид“, с. Плетвар, Општина Прилеп (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 47

Владата ја донесе Одлуката за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – кварц на локалитетот „Рамниште“ с.Ораов Дол, Општина Чашка (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 48

Владата ја донесе Одлуката за престанок на важење на Концесијата за експлоатација на минерална суровина - секундарни кварцити на локалитетот „Црн врв“ во атарот на Општина Пробиштип и Кратово, во предложениот текст.

## Точка 49

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација на минерална суровина – песок и чакал на локалитетот „Чифличко поле“, Општина Виница, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок на важење на концесијата за експлоатација за потребите за изградба на експресен пат А3, Штип - Кочани, делница Штип – Крупиште и Проект за рехабилитација и реконструкција на регионален пат Р 1205, делница Пробиштип – Крупиште на минерална суровина - базалт на локалитетот „Ежево Брдо", Општина Карбинци, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од Кодификација на правото во Република Северна Македонија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерство за правда, во рок од седум дена, да формира работна група за разгледување на можноста за Кодификација на правото во Република Северна Македонија, составена од по еден претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за правда, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за правда, Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и Секретаријатот за законодавство, во рок од три дена до Министерството за правда, да номинираат по еден претставник за членови во работната група.

3. Се препорачува на Собранието на Република Северна Македонија до Министерството за правда, во рок од три дена да номинира еден претставник во работната група за разгледување на можноста за Кодификација на правото во Република Северна Македонија.

4. Се задолжува Министерството за правда, освен претставниците од работната група, по потреба да може да побара и вклучување на стручната јавност при разгледување на одделни прашања поврзани со Кодификација на правото во Република Северна Македонија.

5. Се задолжува работната група да ја разгледа можноста за отпочнување на процес на Кодификација на правото во Република Северна Македонија и за тоа во рок од 30 дена до Владата на Република Северна Македонија да достави информација.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за воведени нови модули во електронските системи за работа на Владата (за процесот на стратешко планирање и за

подготовка и следење на реализацијата на проекти, програми и исполнување на заклучоци од Владата) и нивна поврзаност со новите функционалности на мултиплатформскиот систем за е-влада, со презентација и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата, најдоцна до 15 октомври 2020 година да ги имплементира и стави во функција новите модули во електронските системи за работа на Владата (за процесот на стратешко планирање и за подготовка и следење на реализацијата на проекти, програми и исполнување на заклучоци од Владата) и новите функционалности на мултиплатформскиот систем за е-влада.

2. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата, во процесот на имплементирање и ставање во функција на новите модули во електронските системи за работа на Владата (за процесот на стратешко планирање и за подготовка и следење на реализацијата на проекти, програми и исполнување на заклучоци од Владата) и новите функционалности на мултиплатформскиот систем за е-влада, најдоцна до 31 октомври 2020 година, да организира и спроведе обуки за членовите на Владата и административните службеници во институциите корисници на системот.

3. Се задолжуваат сите министерства, сите буџетски корисници, јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, во рок од 7 дена, до Генералниот секретаријат на Владата да доставаат номинации за лицата кои што ќе бидат дел од обуката за воведени нови модули во електронските системи за работа на Владата (за процесот на стратешко планирање и за подготовка и следење на реализацијата на проекти, програми и исполнување на заклучоци од Владата и нивна поврзаност со новите функционалности на мултиплатформскиот систем за е-влада).

Воедно, претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев укажа на потребата во почетна фаза на имплементација на новите модули во електронскиот систем, да ги опфатат големите капитални проекти (инвестиции, инфраструктура, гасификација, железници итн...), согласно Програмата за работа на Владата.

Истовремено, Владата заклучи новите модули во електронските системи за работа на Владата (за процесот на стратешко планирање и за подготовка и следење на реализацијата на проекти, програми и исполнување на заклучоци од Владата), да бидат комплементарни со активностите на Централната единица за мониторирање, предвидена со програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020-2024 година.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотации за јавните установи за деца - детски

градинки и центри за ран детски развој во состав на јавни детски градинки по општини за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата ја донесе Уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за јавните установи за социјална заштита - домови за стари лица за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на наменски дотации за основното образование по општини за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини и Градот Скопје за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за изменување на Програмата за научно-истражувачката дејност за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца - детска градинка „Ѕуница“ во Гевгелија, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца- детска градинка „Ѕуница“ - Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата по доставено барање одобрение за основање приватна установа за деца – детска градинка „Никулец Креатива“ во Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање одобрение за основање на приватна установа за деца - детска градинка „Никулец Креатива“ во Скопје, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за

собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата ја разгледа Информацијата за исполнетост на условите на Друштво за производство, трговија и услуги „Недцанн Северна Македонија“ ДООЕЛ, Охрид за вршење на дејност одгледување на канабис за медицински цели, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, трговија и услуги „Недцанн Северна Македонија“, ДООЕЛ, Охрид, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом Куманово (амбулантно возило), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната установа од областа на здравството за потребите на ЈЗУ Универзитетски клиники, Завод и Ургентен центар-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Институт за белодробни заболувања и туберкулоза – Скопје (патничко моторно возило Пежо Партнер 1.9 D), во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом „Липково“ - Липково (патничко моторно возило), во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за промена/дополнување на дејност на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“ – Скопје, во предложениот текст.

По влегување во сила на Одлуката, Управниот одбор на Јавната здравствена установа „Здравствен дом на Скопје“-Скопје, да пристапи кон соодветно изменување на Статутот на Јавната здравствена установа.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.238/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „жалба“ и делот „заменува“ од член 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/2008) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на иницијативата во содржината на иницијативата наведува дека согласно членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 106/08) зборот „жалба“ во ставот 4 на членот 181 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05) се заменува со зборот „тужба“.

Понатаму, подносителот наведува дека согласно член 33 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/08), горенаведената измена важи со влегувањето во сила на Законот осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Подносителот во иницијативата ја наведува и Одлуката на Уставен суд на Република Македонија У. бр. 188/2006 од 04.04.2007 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 57/07) со која се укинува член 181 став 4 во делот „жалба“ од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05). Следствено на тоа во иницијативата е наведено дека со членот 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/08) се менува збор кој всушност по стапувањето во сила на Одлуката на Уставен суд У. бр. 188/2006 од 04.04.2007 година, не постои во правниот промет, па оттука членот 20 од наведениот Закон во делот на „жалба" и делот „заменува“ е спорен од аспект на

владеењето на правото согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија.

Имајќи го во предвид горенаведеното, се укажува дека Уставниот суд при разгледување на Иницијативата за поведување на постапката за оценување на уставноста поднесена од Игорчо Точев од Кочани треба да го има во предвид членот 30 од Законот за изменување и дополнување на Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/13), со кој ставот 4 на член 181 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08,161/08,114/09,130/09, 50/10, 52/10,124/10, 47/11,11/12, 39/12,13/13 и 25/13) се менува и гласи: „Против одлуката за отказ на договорот за вработување работникот има право на приговор до органот на управување, односно работодавачот, во рок од осум дена од денот на добивањето на одлуката за отказ на договорот за вработување."

Согласно наведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не поведува постапка по Иницијативата за поведување на постапката за оценување на уставноста на член 20 во делот „жалба" и делот „заменува" поднесена од Игорчо Точев од Кочани.

## <u>Точка 70</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.239/20, за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „Биро за лекови" од член 5 став 2 и 5, член 6 став 4, член 7 став 1 и 4 и член 10 став 1 од Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06, 136/11 и 37/16) и притоа го утврди следното мислење:

1. Подносителот на Иницијативата ја оспорува уставноста на делот „Биро за лекови" од членот 5 став 2 и 5, член 6 став 4, член 7 став 1 и 4 и член 10 став 1 од Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06, 136/11 и 37/16), заради наводна несогласност со членот 8 став 1 алинеја 3 од Уставот на Република Северна Македонија бидејќи во правниот промет може да дојде до правна несигурност, нејаснотии и забуни во практикувањето на правото за субјектите кои се засегнати со конкретната правна проблематика, како и за органите кои го применуваат овој закон.

2. Членот 5 став 2 од Законот гласи: „Комисијата е составена од претставници на Министерство за здравство - Биро за лекови, Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за економија, Министерство за финансии - Царинска управа и Дирекција за заштита и спасување."

Ставот 5 гласи: „Административно-техничките работи на Комисијата ги врши Министерството за здравство - Биро за лекови.“
Согласно член 6 став 4 од Законот „Регистар на издадените дозволи од овој член се чува во Министерството за здравство - Биро за лекови.“
Со член 7 став 1 од Законот е предвидено дека: „Секој увоз, извоз и транзит на токсични хемикалии и нивните прекурзори, за цели кои не се забранети со Конвенцијата, се врши само врз основа на претходно издадена дозвола од Министерството за здравство - Биро за лекови по поднесено барање, кое ги издава овие дозволи најдоцна во рок од 30 дена. „4, а со ставот 5 (не со ставот 4 како што погрешно упатува подносителот на иницијативата): „Регистар на издадените дозволи и решенија од ставовите (1) и (2) на овој член ќе се чува во Министерството за здравство - Биро за лекови.“
Согласно член 10 став 1 од Законот: „Одговорното лице е должно на писмено барање на Министерството за надворешни работи и на Министерството за здравство - Биро за лекови, да им достават податоци за процесот на производство, потрошувачка и преработка на токсични хемикалии и на нивните прекурзори, податоци за капацитетите и техничката опрема и податоци за увозот, извозот, транзитот и складирањето, вклучувајќи и податоци за количествата на поединечни токсични хемикалии и на нивните прекурзори, како и податоци за производство на посебни органски хемикалии и PSK хемикалии.“
Од претходно цитираните одредби видно е дека одредбите упатуваат на надлежност на Министерството за здравство - Биро за лекови имајќи во предвид дека одредбите од Законот кои се оспоруваат се донесени во време кога постоеше Бирото за лекови како орган во состав на Министерството за здравство.
Со членот 4 од Законот за изменување на Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/11) е предвидено дека со денот на влегување во сила на Законот за дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/11) престануваат да важат одредбите на членовите 22 став 2 и 65 од Законот за организација и работа на органите на државната управа, кои се однесуваат на Бирото за лекови.
Врз основа на член 1 од Законот за дополнување на Законот за лековите и медицинските помагала („Службен весник на Република Македонија“ бр.36/11) по членот 157 се додава нов член 157-а, кој гласи: „Со денот на именувањето на директорот на Агенцијата за лекови престанува да постои Бирото за лекови, Агенцијата за лекови ги презема надлежностите, правата, обврските, имотот, вработените, архивата и документацијата од Бирото за лекови.“
Надлежностите на Агенцијата за лекови се утврдени во членот 5 од Законот за лековите и медицинските средства („Службен весник на Република Македонија“ бр.106/07, 88/10, 36/11, 53/11, 136/11,11/12, 147/13, 164/13, 27/14, 43/14, 88/15, 154/15, 228/15,7/16,53/16,83/18,113/18 и 245/18).

3. Од анализата на наводите во Иницијативата и на цитираните законски одредби, произлегува дека во суштина подносителот на Иницијативата бара Уставниот суд да се впушти во уставно - судска оцена и да констатира дека законодавецот направил грешка, односно дека од оспорените одредби не е избришан делот „Биро за лекови“.

Во конкретниот случај, станува збор за очигледна техничка грешка, којашто грешка, не е од влијание во однос на правната сигурност на граѓаните, односно не може да предизвика забуна во однос на правилната примена на одредбите од оспорениот закон.
Со оглед дека наводите се сведуваат на барање за постапување кое е во надлежност на законодавецот, а не на Уставниот суд, бидејќи законодавецот е орган чијашто надлежност е да ги креира прописите, да ги менува и дополнува, а воедно и да врши технички исправки, измени и дополнувања на прописите коишто ги донесува.

Имајќи го предвид горенаведеното, одредбите од членот 5 став 2 и 5, член 6 став 4, член 7 став 1 и 4 и член 10 став 1 од Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/06, 136/11 и 37/16) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на делот „Биро за лекови“ од членот 5 став 2 и 5, член 6 став 4, член 7 став 1 и 4 и член 10 став 1 од Законот за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/06,136/11 и 37/16).

## Точка 71

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.245/2020 за поведување на постапка на одредби од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) и притоа го утврди следното мислење:

Со поднесената Иницијатива, подносителот му предлага на Уставниот суд да поведе постапка за оценување на уставноста на делот „корисник“ од член 4 став 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 2/2007, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), како и делот „користи“ од член 8 став 1 точка 1 од истиот закон.

Имено, според иницијаторот, според својата природа, даноците се делат на директни даноци кои се претставени преку данокот на личен доход и данокот на добивка и индиректни даноци кои се претставени преку данокот на додадена вредност. Природата на „данокот на имот“ кој треба да го плаќа „корисникот“ или лицето кое „користи“ имот во сопственост на општината (врз основа на товарно и бестоварно правно дело) не е јасна и во таа смисла, обврската на „корисникот“ да плаќа „данок“ на имот чиј сопственик е познат, но во состојба кога сопственикот е ослободен од плаќање на данок на имот, согласноста на оспорените делови од горенаведените одредби како во воведот на оваа иницијатива, може да се доведе во прашање со член 33 од Уставот на Република Северна Македонија.

Сопственоста според Уставот создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Таа е неприкосновена, апсолутна и трајна се додека истата не премине на други лица. Во таа смисла сопственикот на предметот може да располага со предметот но сопственоста како институт не може да претставува основа истата да се користи неограничено и на начин кој нема да доведе до забуна во практикувањето на истата.

Во врска со наводите од Иницијативата се смета дека, во конкретниов случај, нема основ за оценување на уставноста на одредбите од Законот за даноците на имот, со оглед на тоа што подносителот во Иницијативата упатува на постоење на колизија помеѓу Законот за даноците на имот и Законот за локалната самоуправа како и Законот за финансирање на органите на локалната самоуправа, а не во насока дека Законот за даноците на имот не е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија.

Имено, според член 33 од Уставот на Република Северна Македонија секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Со Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/2004, 2/2007, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016) се уредува начинот на оданочувањето на данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности.

Според член 2 став 1, точка 4. „Корисник" е лице кое користи недвижен имот на кој сопственикот не е познат или не е достапен или користи недвижен имот во сопственост на државата и општината.

Според член 4 став 5 обврзник на данокот на имот е и правно и физичко лице - корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината.

Според член 8 став 1 точка 1, данок на имот не се плаќа на: недвижен имот во државна сопственост кој го користат државните органи, недвижен имот во сопственост на општината кој го користат органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје, освен недвижниот имот кој се користи од страна на физички или правни лица.

Според оспорените одредби од Законот за даноците на имот, јасно произлегува дека во конкретниот случај Законот за даноците на имот не само што ја следи сопственоста на недвижниот имот, туку децидно, јасно и изречно укажува на тоа дека даночен обврзник на данокот на имот може да биде и корисникот на недвижниот имот кој е дефиниран во членот 2 од Законот.

Имено, кога сопственикот на недвижниот имот не е познат или не е достапен или користи недвижен имот во сопственост на државата и општината, даночен обврзник на данок на имот е и лицето кое го користи недвижен имот од причина

што истиот ги ужива бенефитите и плодовите од своето корисничко право како и плодоуживањето на имотот и со тоа освен обврски истиот остварува и свои права.

По однос на членот 8 став 1 точка 1 од Законот, се укажува на тоа дека истиот се однесува на ослободување од плаќање на данок на имот кое исклучиво се однесува на недвижен имот во државна сопственост кој го користат државните органи, недвижен имот во сопственост на општината кој го користат органите на општината, органите на општините во Градот Скопје и органите на Градот Скопје, освен недвижниот имот кој се користи од страна на физички или правни лица.

Во контекст на горенаведеното, а по однос на владеењето на правото како темелна вредност прецизирана во Уставот на Република Северна Македонија, како и фактот дека Законот за даноците на имот е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, се укажува дека со донесување на Законот за даноците на имот во Република Северна Македонија е создаден механизам кој треба стриктно да го ограничи и распознае обврзникот на данокот на имот во случај кога станува збор за сопственост или корисничко право. Со истото се подобрува фискалната дисциплина кај секое правно и физичко лице во Република Северна Македонија како даночен обврзник. Ова без разлика што органите на државната управа и општинските органи се ослободени од плаќање на данок на имот за имот кој го користат и тоа секако следејќи го примерот на даночната регулатива и даночната политика во земјите во регионот и пошироко. Дополнително пак, државните органи, органите на општините и општините на Град Скопје своите обврски ги реализираат и исплатуваат преку буџетските приходи, такси, надоместоци, даноци и давачки кои им ги утврдува државата како и општините, а се стекнати како сопствени приходи.

Според член 11 став 2, 4, 7 и 8 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) сопствени извори на приходи на општината се локалните даноци, надоместоци и такси утврдени со закон. Општината се финансира и од дотации од државата и други извори на приходи, во согласност со закон. Изворите на приходите на општината треба да се обезбедат соодветно со извршувањето на нејзините надлежности. Финансирањето на општината се уредува со закон.

Согласно член 2 точка 2 и точка 14 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр. 61 /2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011, 192/2015 и 209/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/2019), сопствените извори на приходи, се локални даноци, локални такси и локални надоместоци, приходи од сопственост на општината, самопридонес, парични казни, донации и други приходи утврдени со закон. Приходи од сопственост на општината се приходи од право на сопственост на имот, финансиски средства и права.

Во оваа насока, согласно изнесените законски одредби интенција на законодавецот во 2004 година била со оспорените одредби од Законот за даноците на имот да се допринесе кон подобра наплата на даноците на имот на цела

територија на Република Македонија идентично и со еднаков и ист пристап, а дополнително да се зајакне заштитата на даночните побарувања кои ги има државата од страна на физички и правни лица без исклучок.

Според сето горенаведено, оспорените одредби на делот „корисник“ од член 4 став 5 од Законот за даноците на имот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/2004, 2/2007, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 192/2015 и 23/2016), како и делот „користи“ од член 8 став 1 точка 1 од истиот закон се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија предметната иницијатива да ја отфрли како неоснована.

## Точка 72

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Јана Никодиновска од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр. 240/2020, за поведување на постапка за оценување на уставноста на Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.126/2020) и притоа го утврди следното мислење:

Подносителот на иницијативата го оспорува член 1 од Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.126/20) со кој се продолжи важноста на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.90/20) за 90 дена по престанокот на вонредната состојба.

Начелно, укажуваме дека горенаведената оспорена уредба не е во сила имајќи предвид дека се поминати 90 дена од престанокот на вонредната состојба, поради што е беспредметно поведување на постапка за оценување на уставноста од страна на Уставниот суд.

Воедно, Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба беше донесена со цел да се олесни финансискиот товар на граѓаните корисници на потрошувачки кредити, особено од аспект на трошоците кои граѓаните ги плаќаат за потрошувачките кредити. Имено, со Уредбата се ограничија вкупните трошоци кои не влегуваат во пресметката на годишната стапка на вкупни трошоци на потрошувачките кредити кои можат да ги наплатуваат кредиторите од граѓаните на 30% од износот на кредитот.

Имајќи предвид дека последиците од кризата врз финансиската состојба на граѓаните се очекуваше да продолжат и по престанокот на вонредната состојба,

Владата на Република Северна Македонија процени дека за надминување на последиците од кризата е потребно продолжување на рокот на важност на Уредбата за дополнителни 90 дена. На овој начин, со продолжување на рокот за 90 дена, Владата не постапила спротивно на Уставот и не донела мерка со неограничен период на примена, туку напротив времетраењето на ограничувањето на вкупните трошоци на потрошувачките кредити го продолжи само за 90 дена, што е во согласност со член 52 од Уставот на Република Северна Македонија. Ваквото законско решение е заради превенција и справување со економските последици предизвикани од пандемијата.

Имајќи го предвид горенаведеното се укажува дека оспорениот член 1 од Уредбата за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба е во согласност со член 52 од Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата во делот на оценување на уставноста на членот 1 од Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за заштита на потрошувачите при договори за потрошувачки кредити за време на вонредна состојба.

<u>Точка 73</u>

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Бојан Стојевски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.247/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 163 став (3) од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија“ бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19) и притоа го утврди следново мислење:

Со Иницијативата подносителот му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе постапка за оценување на уставноста на член 163 став (3) од Законот за банките кој според поднесената Иницијатива не бил во согласност со член 55 од Уставот на Република Северна Македонија.

Според член 55 од Уставот на Република Северна Македонија се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото, а Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот. Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.

Според подносителот на Иницијативата, со одредбата од член 163 став (3) од Законот за банките, во случај на стечај на банка, Фондот е во поповолна положба во однос на останатите правни лица кои имаат побарувања од таа банка.

Подносителот на Иницијативата со оспорената одредба од Законот смета дека се воспоставувала нееднаква правна положба на правните лица кои согласно Законот за платен промет се должни да отворат трансакциска сметка во банка и целиот промет од стоки и услуги да го остваруваат преку трансакциска сметка. Во такви

услови, Фондот имал привилегирана положба во однос на правните лица кој согласно Законот за Фондот за осигурување на депозити наплаќа премија за осигурување од деловните банки.

Во Иницијативата подносителот наведува дека обештетувањето само на физички лица од страна на Фондот е дискриминација на пазарот, така што физичките лица кои свесно склучиле договор со банка за депонирање на средства со цел остварување на приход во вид на камата имаат привилегирана положба во однос на правните лица кои мораат да имаат трансакциски сметки во банки и средствата кои потекнуваат од наплата на побарувања од трети лица да ги чуваат на тие сметки.

Според подносителот на Иницијативата, оспорената одредба овозможува одлуката за отворање на стечајна постапка над банка Народната банка на Република Северна Македонија да ја носи во консултација со Фондот за осигурување на депозити.

Во врска со ваквите наводи од подносителот на Иницијативата, се укажува на следното:

Во членот 1 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр.67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16 и 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) е уредено основањето, работењето, супервизијата и престанокот на работењето на банките и на филијалите на странски банки во Република Северна Македонија. Поради посебниот предмет на работа и начинот на контрола на работењето на банките, во членот 157 став (9) од Законот за банките е определено дека на стечајната постапка на банка соодветно се применуваат одредбите од Законот за стечај, доколку поинаку не е определено со Законот за банките. Според членот 4 став (5) од Законот за стечај („Службен весник на Република Македонија" бр.34/06, 126/06, 84/07, 47/11, 79/13, 164/13, 29/14 и 192/15), одредбите од овој закон не се применуваат на стечајната постапка над банки, штедилници, друштва за осигурување и други финансиски организации, освен одредбите со кои се уредуваат прашања кои не се уредени со посебните закони.

Од овие одредби произлегува дека прашањата за стечај на банка се уредени со Законот за банките и со Законот за стечај само за прашања кои не се уредени со посебните закони (во конкретниот случај Законот за банките), што укажува дека одредбите од Закон за банките нормираат посебна стечајна постапка со посебни карактеристики само за банките.

Како што законодавецот пропишал посебна постапка за отворање на стечајна постапка над банка, потребните квалификации на стечајниот управник, предвидените рокови за пријавување на побарувања и слично, така е предвидена и специфичната улога на Фондот за осигурување на депозити, кој е должен да ги исплати депозитите до 30.000 евра, за по исплатата да се појави како обезбеден

доверител кој има приоритет пред другите доверители за исплатената сума по овој основ.

Оспорениот член 163 став (3) од Законот за банките предвидува побарувањата на Фондот за осигурување на депозити по основ на исплати на осигурени депозити да се исплаќаат пред побарувањата на останатите доверители. Дополнително, во ставот (2) од истиот член е предвидено дека со денот на отворањето на стечајната постапка престануваат побарувањата на физичките лица од банката во стечај по основ на депозит до висината на осигурениот износ на депозитот во согласност со Законот за Фондот за осигурување на депозити.

За физичките лица како доверители во стечајната постапка, исплатеното побарување во оваа висина престанува и на нивно место како доверител за целокупниот износ кој го исплатил се јавува Фондот како приоритетен доверител.

Фондот е специјализирана финансиска институција основана со Законот за Фондот за осигурување на депозити која ги обесштетува осигурените депозити во банките и штедилниците, во кои настанал ризичен настан. Согласно членот 4 од Законот за Фондот за осигурување на депозити („Службен весник на Република Македонија" бр.63/00, 29/02, 43/02, 49/03, 81/08, 158/10, 43/14, 15/15, 153/15, 27/16 и 83/18), осигурувањето на депозитите е обврска на сите банки и штедилници, а под депозити се подразбираат денарските и девизните депозити, сертификатите за депозит, трансакциските сметки, депозитите врзани за парични картички и девизни приливи на физичките лица.

Со осигурувањето на депозитите во банките, филијалите на странските банки и штедилниците, Фондот придонесува во одржувањето на стабилноста и довербата на јавноста во банкарскиот и финансискиот систем на земјата.

Согласно членот 6 став (3) од Законот за Фондот за осигурување на депозити, средствата на Фондот можат да се користат само за обештетување на осигурените депозити на физичките лица и за покривање на трошоци на работење на Фондот. Дополнително, според членот 8 од истиот Закон, доколку на Фондот му недостасуваат средства за исплата на осигурените депозити на физичките лица, Фондот обезбедува дополнителни средства преку:
1) дополнителни уплати од банките и штедилниците, но не повеќе од три месечни премии уплатени во месецот кој му претходи на месецот во кој гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија го донел решението за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница;
2) задолжување во земјата и странство и
3) позајмици од Буџетот на Република Македонија.

Од значењето, финансирањето, како и видот на дејноста што ја врши Фондот јасно се гледа неговата специфична улога и различниот статус споредено со останатите правни субјекти. Оттука, не може да стане збор за нееднаквост бидејќи Фондот за осигурување на депозити не врши трговска дејност и не работи за профит.

Напротив, Република Северна Македонија која согласно член 1 и член 35 од Уставот е социјална држава која се грижи за социјалната сигурност на граѓаните, основала Фонд за осигурување на депозити како специјализирана финансиска институција која ги обесштетува осигурените депозити во банките и штедилниците во кои настанал ризичен настан. Обесштетувањето преку Фондот се врши на солидарна основа, односно сите банки и штедилници уплатуваат средства во Фондот заради исплата на депозитите на граѓаните во износ до 30.000 евра во денарска противвредност во случај на пропаѓање на било која банка или штедилница. Од тука, функционирањето на Фондот за осигурување на депозити е засновано на социјалната правда и солидарноста како темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија (член 8 став 1 алинеја 8 од Уставот).

Дополнително, согласно член 8 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), стабилноста на банкарскиот сектор и мерките што се преземаат заради постигнување и одржување на неговата стабилност се од јавен интерес. Имајќи ги предвид трошоците за економијата во целост кои можат да настанат при стечај на банка и/или штедилница, како и последиците врз финансиската стабилност и довербата на граѓаните во финансискиот систем, се укажува дека законодавецот не извршил ограничување на слободата на пазарот и претприемништвото, туку заради заштита на стабилноста на финансискиот систем како јавен интерес, извршил соодветно подетално уредување на прашањата поврзани со исплатата на побарувањата на доверителите од стечајната маса на банка над која е отворена стечајна постапка.

Улогата на Фондот во одржување на довербата на граѓаните во домашниот финансиски систем и нивните штедни влогови е од круцијално значење за домашната економија бидејќи депозитите на домаќинствата претставуваат сигурен и најевтин начин за финансирање на домашната економија, во услови кога странскиот капитал е помалку достапен и поскап. Поголеми стапки на штедење значат поголем кредитен потенцијал на банките кој придонесува за поголеми стапки на економски раст на земјава. Заштедите се зголемуваат кога клиентите се добро заштитени. Според тоа, Фондот придонесува во одржувањето на стабилноста и довербата на јавноста во банкарскиот и финансискиот систем на земјата. Доколку со исплата на депозитите од една банка се исцрпат средствата со кои располага Фондот, истиот нема да биде во можност да ги обесштети граѓаните при евентуален ризичен настан во друга банка или штедилница, со што се доведува во прашање сигурноста на депозитите во целиот банкарски систем и довербата на граѓаните во истиот, а со тоа е загрозен јавниот интерес - стабилноста на банкарскиот сектор.

Во однос на наводите на подносителот дека со членот 163 став (3) од Законот за банките се врши повреда на членот 30 од Уставот на Република Северна Македонија со тоа што правните лица кои имале средства на трансакциски сметки во време на отворање на стечајна постапка над банка се стечајни доверители, се укажува дека побарувањата на Фондот не произлегуваат од негова деловна одлука да вложи или чува на сметка свои средства во банката во стечај. Неговите

побарувања се по основ на исплата на штедни влогови, а со цел обезбедување на социјалната сигурност на граѓаните. Токму од тие причини, со членот 163 став (3) од Законот за банките, Фондот за осигурување на депозити има предност во наплатата на побарувањата по основ на исплатени штедни влогови.

Со членот 30 од Уставот, се гарантира правото на сопственост и правото на наследување. Сопственоста создава права и обврски и треба да служи за добро на поединецот и на заедницата. Никому не можат да му бидат одземени или ограничени сопственоста и правата кои произлегуваат од неа, освен кога се работи за јавен интерес утврден со закон. Во случај на банка во стечај, средствата на трансакциската сметка се во сопственост на правно или физичко лице - клиент на банката и согласно уставно загарантираното право за еднаков третман на сите лица, има право на побарување од стечајната маса, а со тоа и статус на стечаен доверител. Физичките лица со депозити над износот на осигурените (над 30.000 евра) имаат статус на стечајни доверители и се наплатуваат во ист редослед на наплата како и сите други доверители.

Имајќи го предвид погоре наведеното, членот 163 став (3) од Законот за банките е во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение со кое нема да поведе постапка за оценување на уставноста на член 163 став (3) од Законот за банките.

## Точка 74

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Игорчо Точев од Кочани, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија, под У.бр.237/2020 за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредби од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр.43/2014, 33/2015, 98/2015, 6/2016, 198/2018 и 248/2018) и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата за оценување на уставноста, смета дека член 9 став (3) во делот „или преку постапка за интерен конкурс“, член 22 став (3) во делот „во рок од ставот (2) на овој член не одговори, ќе се смета дека согласноста е дадена“ и член 42 став (1) од Законот за судска служба се во спротивност на член 8 став 1 алинеја 3, член 9 и член 51 од Уставот на Република Северна Македонија и предлага Уставниот суд на Република Северна Македонија да поведе иницијатива за оценување на уставноста на горенаведените делови од Законот за судска служба. Со тоа, подносителот на Иницијативата смета дека со оспорените одредби се повредува начелото на владеење на правото, усогласеност на законите со Уставот и сите други прописи со Уставот и со закон, како и еднаквоста на граѓаните на Република Северна Македонија пред Уставот и законот.

Собранието на Република Северна Македонија во февруари 2014 година, ги донесе Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за административни службеници, кои почнаа да се применуваат од февруари 2015 година. Поаѓајќи од законската рамка на Законот за административни службеници, судските

службеници имаат статус на административни службеници, но поради специфичноста на работите кои ги извршуваат, за нив важи исклучокот определени прашања во врска со работниот однос, во целост или делумно да можат да бидат уредени со закон и колективен договор на различен начин.
Поаѓајќи од специфичниот статус и работните задачи кои ги извршуваат вработените во судската администрација, во март 2014 година донесен е посебен Закон за судска служба, како lexspecialis, со кој системски и конзистентно се уредени правата, обврските, должностите, одговорноста и системот на плати на судските службеници.
Согласно член 3 став (1) од Законот за судска служба, судските службеници се лица со статус на административен службеник кои во судовите вршат стручни, административни, информатички, технички, статистичко-аналитички и материјално-финансиски работи во согласност со овој и друг закон.
Поаѓајќи од одговорноста, целите, видот и сложеноста на работите и работните задачи на работното место и потребните квалификации, работното искуство, општите и посебните компетенции и други критериуми, работните места на судските службеници се класифицирани во четири категории, при што во категоријата А, како највисока категорија е судскиот администратор. Во членот 9 од Законот за судска служба утврдени се нивоата на работните места во рамките на категоријата А, односно судски администратор, а во членот 16 утврдена е надлежноста на судскиот администратор. Меѓу другото, покрај тоа што раководи со судската служба, одговорен е за остварување и вршење на стручните и административно-техничките работи на судот, соработува со претседателот на судот во вршењето на работите од судската управа кои се во делокругот на работите на претседателот на судот, а во алинејата 3 од овој член е утврдено дека врши работи од судската управа во рамките на својот делокруг на работа утврдени со овој закон, Судскиот деловник и други прописи и подзаконски акти. Поаѓајќи од надлежностите и одговорностите на судскиот администратор, во членот 9 став (3) од Законот за судска служба е утврдено дека судскиот администратор се избира од редот на судските службеници од категоријата Б во постапка за вработување преку јавен оглас или преку постапка за интерен оглас го избира претседателот на судот и истиот треба да ги исполнува посебните услови за работното место за ниво Б1 на раководни судски службеници. Унапредувањето на судските службеници е уредено во Глава VII од Законот за судска служба, во членовите од 39 до 44 и истите се однесуваат и за пополнување на работно место со звање судски администратор, како дел на судската служба. Односно, можноста што ја дава член 9 став (3) од Законот, за пополнување на работно место со звање судски администратор е разработено во Глава VII од Законот за судска служба и се однесува и на судскиот администратор. Од овие причини нејасни се наводите во Иницијативата дека Законот не ја дава оваа можност, особено што при тоа подносителот на Иницијативата неосновано го изедначува пополнувањето на работно место преку интерен оглас и пополнување на работното место со мобилност преку преземање. Токму одредбата пропишана во членот 9 став (3) од Законот за судска служба, во која е утврдено дека судскиот администратор се избира од редот на судските службеници од категоријата Б преку јавен оглас или преку постапка за интерен оглас и дека истиот треба да ги исполнува посебните услови за работното место за ниво Б1 на раководни судски службеници е

преминување на судски службеник од категорија Б-раководни судски службеници во категорија А-судски администратор. Исто така, нејасна е причината за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 9 став (3) во делот или преку постапка за интерен конкурс, со оглед дека во оваа одредба од Законот за судска служба воопшто не се употребува истиот термин, односно како и во текстот на целиот закон се оперира со терминот „интерен оглас“.

Согласно член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, како темелна вредност на уставниот поредок на Република Северна Македонија, меѓу другото, е утврдено и владеењето на правото, а членот 51 утврдува дека законите мораат да бидат во согласност со Уставот, а сите други прописи со Уставот и со закон, поради што се смета дека оспорената одредба од Законот за судска служба не е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, особено не по основот кој е наведен во поднесената иницијатива.

Во поглед на оспорувањето на членот 22 став (3) во делот „во рокот од ставот (2) на овој член не одговори, ќе се смета дека согласноста е дадена“ од Законот за судска служба, Владата смета дека истото е неосновано. Имено, во членот 22 од Законот за судска служба уреден е начинот на донесување на Годишниот план за вработување. Во ставот (2) од овој член е утврдено дека Судскиот буџетски совет единствениот годишен план за вработување го доставува до Министерството за финансии, кое во рамките на своите надлежноси во рок од два месеци е должно да одговори. Во ставот (3) од член 22 е утврдено дека доколку Министерството за финансии во рокот од ставот (2) на овој член не одговори, ќе се смета дека согласноста е дадена. Подносителот при оспорувањето на оваа одредба неосновано се повикува на нејзина неусогласеност со член 51 став (6) од Законот за буџетите. Во членот 51 став (6) од Законот за буџетите е утврдено дека за обезбедени средства за вработувања на државни службеници, Министерството за финансии, односно градоначалникот на општината ќе даде писмено известување по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација. Од цитираните одредби од Законот за судска служба и од Законот за буџетите, јасно е дека одредбата од Законот за буџетите (член 51 став 6) не се однесува на произнесување на Министерството за финансии по Годишниот план за вработување, туку давање на писмено известување за обезбедени финансиски средства за вработување. Имено, во членот 22 е уредена постапката за донесување на Годишниот план за вработување и добивање на мислење по Годишниот план за вработување, а во членот 51 став 6 од Законот за буџетите е уредено произнесувањето на Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства по барање за пополнување на конкретни работни места.

По однос на оспорувањето на член 42 став (1) од Законот за судска служба, се смета дека оваа одредба од Законот не е во спротивност на член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, со кој е утврдено дека граѓаните на Република Северна Македонија се еднакви пред Уставот и законот. Подносителот на иницијативата неосновано смета дека кандидатот при вработување преку јавен оглас е во нерамноправна положба со кандидатот-судски службеник во постапката за унапредување, со оглед дека кандидатот во постапката на јавен оглас полага и испит. Постапките за пополнување на работно место преку јавен оглас и за пополнување на работно место преку интерен оглас се две различни постапки, кои

поради нивната различност се уредени во посебни делови од Законот за судска служба. Користењето на терминот „кандидат“ и во едната и другата постапка не значи дека истите имаат ист статус. Законодавецот при донесување на Законот за судска служба ги имал во предвид различниот статус на кандидатите во постапките и со оглед на тоа во членот 20 од Законот предвидел пополнувањето на работно место на судските службеници да се врши преку три различни постапки. При тоа, секоја од постапките за пополнување на работно место е утврдено дека се спроведува на транспарентен, фер и конкурентен начин. Различното ниво на сложеност на секоја од постапките за пополнување на работно место на судски службеници произлегува од постојниот статус на кандидатите во постапката. Имено, кандидатите во постапката за пополнување на работно место преку интерен оглас имаат веќе стекнат статус на судски службеник и истите при вработувањето, односно стекнувањето на статусот на судски службеник го имаат положено испитот за судски службеник. Од овие причини се смета дека не може да се зборува за повреда на член 9 од Уставот на Република Северна Македонија, со оглед дека се работи за две посебни постапки за пополнување на работно место на судски службеници, при што во секоја поединечна постапка секој од кандидатите е во еднаква положба.

Врз основа на изнесеното, се смета дека оспорените одредби од член 9 став (3) на делот „или преку постапка за интерен конкурс“, член 22 став (3) во делот „во рок од ставот (2) на овој член не одговори, ќе се смета дека согласноста е дадена“ и член 42 став (1) од Законот за судска служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/14, 33/15, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18) се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста е неоснована поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да донесе Решение за неповедување постапка за оценување на уставноста на овие одредби од Законот.

## <u>Точка 75</u>

Владата ја разгледа Иницијативата од Панче Докузов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.233/20 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 6 став 2 и 3, член 7 став 1, член 8 став 3 и член 100 став 6 во делот „и усвојување“ и став 8 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) и притоа го утврди следното мислење.

Подносителот на Иницијативата е на мислење дека членот 6 став 2 и 3 од цитираниот закон е во спротивност со членот 9 и амандманот XXVIII од Уставот на Република Северна Македонија од причина што со него се повредува начелото на еднаквост на граѓаните по основ на општествената положба. Имено, подносителот на Иницијативата наведува дека законодавецот предвидел ограничување на правото на учество на членовите на Советот по функција да учествуваат на работата на седниците на Советот на кои се расправа и одлучува за поведена

постапка за утврдување на одговорност, избор или разрешување на судија не водејќи сметка дека во амандманот вакво ограничување не било предвидено.

Понатаму, во Иницијативата се наведува дека членот 7 став 1 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија исто така бил во спротивност со амандманот XXVIII од Уставот во кој се уредува начелото на еднаквост на граѓаните по основ на општествената положба.

Имено, законодавецот го ограничил правото на повторен мандат на член на Совет во Советот избран од страна на судиите на начин што навел дека истите имаат мандат од шест години со право на уште еден избор по истек на најмалку шест години од престанокот на претходниот мандат во Советот. На овој начин членовите на Советот избрани од страна на судиите биле ставени во не рамноправна положба наспроти членовите на Советот избрани од страна на Собранието на Република Северна Македонија.

Со Иницијативата се оспорува уставноста и на членот 8 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија кој бил во спротивност со начелото на еднаквост на граѓаните по основ на општествената положба утврдена со членот 9 и амандманот XXVIII од Уставот на Република Северна Македонија.

Подносителот на иницијативата наведува дека законодавецот излегол надвор од уставната рамка на начин што ограничил за претседател на Совет да може да биде избран само член на Советот кој е избран од страна на Собранието.

Со Иницијативата се оспорува уставноста и на членот 100 став 6 (во делот „и усвојување") и став 8 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија. Подносителот на иницијативата смета дека одредбата е во спротивност со членот 8 и 68 алинеја 16 од Уставот на Република Северна Македонија од причина што Годишниот извештај за работа на Советот се усвојувал во Советот, а се доставувал на запознавање до Собранието на Република Северна Македонија кое немало уставно овластување да го усвојува.

Со амандманот XXVIII на Уставот на Република Северна Македонија се уредува составот на Советот, начинот на нивниот избор и мандатот.

Воедно законодавецот имајќи ја во предвид сложеноста на материјата јасно укажал дека условите и постапката за избор, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот се уредува со закон.

Уставот е највисок правен акт во системот на општите правни акти на една земја со кој се уредуваат најважните односи во државата. Уставот ги утврдува начелата и правните рамки и дава овластување за донесување на закон со кој подетално се уредуваат односите во конкретна област. По правило, Уставот не се применува непосредно зошто тој е начелен и воопштен документ, односно во него не се содржани конкретни туку начелни решенија.

Од таа причина со закон, уставните начелни решенија конкретно нормативно се разработуваат за да може истите да бидат применливи.

Во Република Северна Македонија власта е поделена на законодавна, извршна и судска. Секоја власт е независна во остварувањето на својата надлежност но истовремено е контролирана од другите две власти. На тој начин се остварува баланс во практикувањето на власта и меѓусебна контрола која треба да обезбеди владеење на правото.

Од наведената причина со Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, конкретно нормативно се уредени односите во наведената материја.

Со оспорениот член 6 став 2 и 3 законодавецот не врши укинување на определени права туку истиот нормативно ги уредува со цел да се обезбеди функционирање на начелото на независност, при извршување на надлежностите на Советот и се отстранува секој можен облик на влијание на политиката во остварување на надлежноста на Советот, што е особено позитивно оценето од страна на ГРЕКО. Членовите на Советот по функција имаат право да учествуваат во работата на Советот (освен во случаи од ставот 3 ) и да ги изнесат своите ставови.

Во однос на оспорениот член 7 од цитираниот закон со кој се уредува траењето на мандатот во Советот, согласно кој членот на советот избран од страна на судиите има право на повторен избор по истек на шест години од претходниот не „излегува надвор од рамките“ утврдени со Уставниот амандман XXVIII. Правото на повторен мандат е загарантирано и со членот 7 од Законот за Судски совет со тоа што се предвидува истото да може да се оствари по истек на шест години од претходниот мандат, а се со цел членот на Советот избран од страна на судиите да не биде долг временски период надвор од судството со што би се изгубила смислата на неговото членство во Советот како претставник на судството. Неопходно е членовите избрани од страна на судиите да ги застапуваат интересите на судиите, а тоа би било загрозено доколку се дозволи еден судија да биде 12 години надвор од судството. Нормативното уредување на начинот на остварување на мандатот не значи одземање на уставно право на уште еден избор, како што се наведува во иницијативата за оценка на уставноста на посочениот член.

Подносителот на иницијативата исто така наведува дека членот 8 став 3 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија бил во спротивност со членот 9 и амандманот XXVIII од Уставот на Република Северна Македонија со кој е утврдено начелото на еднаквост.

Имено, со оспорениот член законодавецот го уредил начинот на избор на претседател на Советот на начин што предвидел дека истиот е од редот на членовите на Советот избрани од страна на Собранието. Со амандманот XXVIII точка 1 став 8 се наведува дека условите и постапката за избор, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Совет се уредува со закон.

Воедно се укажува дека со цитираниот уставен амандман воопшто не се уредува материјата за избор и разрешување на претседател на Советот од кои причини истата е уредена со законот на начин со кој се обезбедува рамноправно учество и баланс во работата на Советот на сите власти, а преку нивните претставници.

Во однос на оспорената уставност на членот 100 став 6 (во делот „и усвојување“) и 8 од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија со која подносителот на Иницијативата укажува дека истиот е спротивен на начелото на поделба на власта од член 8 од Уставот и амандманот XXVIII, согласно кој Судскиот совет е самостоен и независен орган на судството. Според подносителот на Иницијативата Советот го усвојува својот извештај за работа и го доставува на запознавање до Собранието но не и на усвојување.

Се укажува дека со амандманот XXIX точка 1 став 2 „Советот за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија, чија форма, содржина и начин на усвојување се уредуваат со закон. Согласно наведеното законодавецот оваа материја целосно ја уредил со Законот за Судски совет пропишувајќи ја содржината на Годишниот извештај кој меѓу другото содржи

податоци за степен на реализација на Годишната програма за работа на Советот, оцени за работата на судиите во однос на квалитет и ажурност и други прашања во врска со остварување на независноста и самостојноста на судството. Советот на седница го усвојува Годишниот извештај и го доставува до Собранието на разгледување и усвојување.
Предвидена е можност доколку Собранието не го усвои Годишниот извештај тоа да биде основ за поведување на расправа пред органите што ги избрале членовите на Судскиот совет за оцена на нивната работа во Советот. Оваа одредба не е во спротивност со членот 8 , 68 алинеја 16, амандман XXVIII точка 1 и амандман XXIX точка 1 став 3 од Уставот на Република Северна Македонија, од причина што не значи автоматско одземање на мандат на членовите на Советот, туку право на органите кои ги избрале членовите во Советот да отворат расправа за не задоволителни состојби во судството, да го анализираат учеството односно не учеството на нивните претставници во овој орган, имајќи во предвид дека Советот е орган на судството кој ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на неговите функции согласно со Уставот и законите. На овој начин се гарантира и начелото на одговорност на членовите на овој орган.
Имајќи го во предвид наведеното Владата на Република Северна Македонија смета дека поднесената Иницијатива за оценување на уставноста и законитоста на горенаведените членови од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија е неоснована и му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата за оценување на уставноста и законитоста на истите.

## Точка 76

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Николина Јакимоска од Битола за продажба на сосопственички дел од недвижен имот со Имотен лист број 45312 за КО Битола 4, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата до Владата мислење да достави Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје.

## Точка 77

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за купопродажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 6515 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 106303 за КО Центар 1, поради потребата Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката – Скопје да достави мислење по Понудата и истата повторно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Сашо Клисароски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.102145 за КО Бутел, Имотен лист бр.101548 за КО Бутел, Имотен лист бр.101267 за КО Бутел и Имотен лист бр.101671 за КО Бутел и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 79**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Насер Зибери од Скопје за користење на право на првенствено купување на недвижен имот кој е во сопственост на Република Северна Македонија со Имотен лист бр.518, 8035, 9022 и 9017 за КО Бутел и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Лазар Козаровски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.53219 за КО Кисела Вода на КП бр.2950 МВ Првомајска и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 81**

Владата го одложи за наредната седница разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Заклучок за втора усна јавна продажба под И.бр.259/18, која ќе се одржи на 8 октомври 2020 година, за КО Ѓорче Петров 6, поради потребата мислење да достави Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, откако претходно ќе се разгледа на седницата на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 82**

1. Владата го отповика Бајрам Реџепи од должноста член на Одборот на директори на Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси Скопје, во државна сопственост.

2. Владата ја именува Кети Василеска за вршител на должноста директор на Државниот управен инспекторат, орган во состав на Министерството за информатичко општество и администрација и истовремено и утврди коефициент за пресметување на плата.

3. Владата ја разреши проф. д-р Христина Спасевска од должноста член на Одборот за акредитација на високото образование, на нејзино барање.

4. Владата го разреши доц. д-р Башким Зибери од должноста член на Националната комисија за учебници од редот на високообразовните и научните

установи од областа на природните науки, математика и техника, на негово барање.

5. Владата ја разреши Маја Владимировска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во сопственост на Република Северна Македонија, на нејзино барање.

6. Владата ја разреши Тања Томиќ од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, на нејзино барање.

7. Владата на Борче Пинев му утврди престанок на функцијата државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија, за подрачјето на Велес, поради смрт.

7.1. Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување на еден државен правобранител во Државното правобранитество на Република Северна Македонија за подрачјето на Велес.

8. Владата донесе Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија (Во Одлуката алинејата „директор на Затвор Прилеп“, се менува и гласи:

- „директор на Казнено поправен дом Прилеп“.

8.1. Владата донесе Решение за изменување на Решението за именување на вршител на должноста директор на КПУ Затвор Прилеп и истовремено му утврди коефициент за пресметување на плата.

9. Владата ја разреши Даниела Петковска од должноста член на Училишниот одбор-претставник на основачот на Државното музичко училиште – Битола, на нејзино барање.

10. Владата го разреши Фатмир Таири од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово, претставник на основачот, на негово барање.

11. Владата ја разреши Елица Божинова од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица, на нејзино барање.

12. Владата ја разреши Сања Јовановска од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово, на нејзино барање.

13. Владата го разреши Златко Трајкоски од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Прилеп, на негово барање.

Истовремено, Владата заклучи точките 1, 2, 3, 5, 6, 10, 12, 15, 16, 17, 19, 20, 26 и 27 од предлог-кадровските прашања, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

## Точка 83

1. Владата по повод одбележувањето на државниот празник „11 Октомври" – Ден на народното востание ги донесе следните заклучоци:

1. Владина делегација во состав:

- м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања,
- д-р Бујар Османи , министер за надворешни работи и
- Мила Царовска, министер за образование и наука, да присуствува на положување цвеќе во Прилеп на 11 октомври 2020 година на споменикот на Методија Андонов-Ченто во 8:30 часот, споменикот на Кузман Јосифовски-Питу во 8:40 часот, Алеја на народни херои во 9 часот, споменикот „Жена борец" во 9:10 часот и могилата на непобедените во 9:20 часот.

2. Делегација во состав:

- Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија,
- Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи,
- д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика,
- Благој Бочварски, министер за транспорт и врски,
- Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и
- Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово со почеток во 11 часот да присуствува на положување цвеќе во Куманово на 11 октомври 2020 година на Спомен обележје Костурница.

Обраќање ќе имаат Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија и Максим Димитриевски, градоначалник на Општина Куманово.

3. Владина делегација во состав:

- м-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците,
- м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана,
- м-р Бојан Маричиќ, министер за правда и
- д-р Венко Филипче, министер за здравство, да присуствува на положување цвеќе во Скопје на споменикот пред зградата на Владата на Република Северна Македонија „Ослободители на Скопје" на 11 октомври 2020 година.

4. Се задолжува Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија да обезбеди потребна опрема и превоз за опремата како и превоз за организаторите за настанот на сите локации (столчиња, маси, освежување, цветно уредување, говорница, столпчиња и јажиња, средства за дезинфекција и маски и друга опрема според барање на организацискиот одбор).

5. Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за озвучување, струја и интернет за организирање на преносот на настанот.

6. Се задолжува одделението за протокол да обезбеди покани и листи на присутни гости според протоколите за организирање на државни празници, како и да го организира протоколарното положување на цвеќе на сите локации за сите делегации.

7. Се задолжува Генералштабот на Армијата на Република Северна Македонија да обезбеди доволен број на гардисти и фанфаристи за сите локации како и опрема за положување на цвеќе (знамиња, венци, држачи, црвени стази).

8. Се укажува на Националната радио-телевизија на Република Северна Македонија да обезбеди пренос во живо од одбележувањето на празникот „11 октомври" – Ден на народното востание.

9. Се задолжува Секторот за односи со јавност при Владата на Република Северна Македонија да продуцира соодветно лого и да го искомуницира настанот со јавноста.

10. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ги преземе сите активности согласно своите надлежности за да го обезбеди настанот на сите три локации.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија заради заштита од илегална миграција и заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за коронавирусот КОВИД-19 и спречување од негово ширење и заради висок ризик и зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија за период од 28 септември 2020 година до 4 октомври 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата ја разгледа Информацијата во врска со обврската на Владата на Република Северна Македонија за имплементација на Законот за претворање на побарувањето на Република Северна Македонија по основ на јавни давачки во траен влог во Друштво за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит", АД Прилеп и ја усвои со следниот заклучок:

- Министерството за финансии да ја разгледа можноста при буџетирање на Буџетот за 2021 година да предвиди ставка во Буџетот за зголемување на основната главнина на Друштвото за производство на производи со посебна намена „11 Октомври – Еурокомпозит", АД Прилеп за износот на побарувањата кои се утврдени во Записникот за усогласување на состојбата Бр. 27-4987 од 26.11.2019

година и кои побарувања треба да се претворат во влог, согласно член 3 од Законот, односно побарувањата на Фондот на ПИОМ во износ од 104.623.236 денари според Записникот и споредните давачки во износ од 3.989.388 денари.

4. Владата ја разгледа Информацијата за потреба од формирање на работна група за анализа на законите и другите прописи во кои се предвидуваат дискрециони овластувања на функционерите и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси во рок од 10 дена да формира работна група за анализа на законите и другите прописи во кои се предвидуваат дискрециони овластувања на функционерите.

2. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси да ги координира понатамошните активности на работната група за анализа на законите и другите прописи во кои се предвидуваат дискрециони овластувања на функционерите и да достави информација за спроведената анализа и предложените измени и дополнувања на законите и другите прописи до Владата заклучно со 30 декември 2020 година.

5. Владата заклучи Решението за формирање на комисија за евалуација на барањата за финансиска поддршка за инвестиции, да се дополни со Весна Цветанова како член на Комисијата од Министерството за финансии.

Согласно ова, Министерството за економија да подготви и до Владата да достави соодветен акт, кој да се смета за донесен на оваа седница на Владата.

6. Владата ја разгледа Информацијата за координативни активности помеѓу заменикот на претседателот на Владата, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и институциите во системот за борба против корупција, ја усвои и ги задолжи Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Управата за финансиска полиција, Управата за финансиско разузнавање, Управата за јавни приходи, Царинската управа и Инспекцискиот совет, во рок од 10 дена, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, во електронска или пишана форма да доставát анализа и податоци за работењето на горенаведените институции, нивната внатрешна организација, ризични области за корупција во рамки на нивните институции и меѓуинституционалната соработка и комуникација и податоци за детектирани недостатоци во законите и другите прописи со цел соработка и со другите надлежни органи, добивање на предлози за подобрување на законската рамка и фактичките услови за работа на антикорупциските институции.

7. По повод укажувањето на Благој Бочварски, министер за транспорт и врски во однос на Барањето од „ТАВ Македонија“, ДООЕЛ, за одложување на обврски спрема Државата, Владата заклучи обврските од предметниот Договор за

концесија да бидат во мирување од 1.10.2020 година до донесување на одлука на Владата, имајќи предвид дека предметното Барање се разгледува од страна на Министерството за финансии, Министерството за транспорт и врски и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции.

**Точка 84**

Владата  го разгледа Финансискиот извештај на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост, за период од 1 јануари 2020 година до 31 март 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 85**

Владата  го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на АД ТЕЦ „Неготино“, за периодот април-јуни 2020 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи АД Тец „Неготино“ – Неготино при доставување на новиот Извештај, да достави подетални податоци за трошоците, како и да подготви и достави  план за намалување на истите

**Точка 86**

Владата ја разгледа Информацијата за објавените огласи за јавни набавки во август 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Информацијата за извршени пресуди/одлуки на Европскиот суд за човекови права во Стразбур од Буџетот на Република Северна Македонија за период од 1.1.2016 до 31.12.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Северна Македонија, за август 2020 година, како материјал за информирање.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Информацијата за распишани постапки за давање во закуп на земјоделско земјиште во државна сопственост по пат на доставување на понуди за површини до 3 хектари, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да постапи согласно законските прописи.

**Точка 90**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето - задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2020 година и ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на нето - задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2020 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 91**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на Акциските планови кои произлегуваат од техничките комитети на Транспортната заедница и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да продолжи активно да учествува во телата на Постојаниот секретаријат на Транспортната заедница и да даде согласност за усвојување/одобрување на Акцискиот план за железници, Акцискиот план за олеснување на транспортот, Акцискиот план за патишта, Акцискиот план за безбедност на патиштата на Регионалниот управен комитет и следствено на Министерскиот совет.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски на секои шест месеци до Владата да доставува информација во врска со реализација на мерките од Акцискиот план за Железници, Акцискиот план за олеснување на транспортот, Акцискиот план за патишта и Акцискиот план за безбедност на патиштата.

**Точка 92**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, по скратена постапка и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Во членот 1, да се допрецизира ставот 5, во смисла да се дообјасни што се подразбира под „претходно утврдена потреба од страна на Министерството за здравство".

2. Министерството за здравство да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон со Министерството за правда, во делот на прекршоците.

3. Министерството за здравство да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство.

4. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на населението од заразни болести, по скратена постапка

согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство и д-р Илир Хасани, заменик на министерот за здравство, а за повереник Татјана Васиќ-Бозаџиева, државен советник во Министерството за здравство.

**Точка 93**

Владата ја разгледа Информацијата по однос на Извадокот од Нацрт-записникот од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 14 септември 2020 година и заклучи:

1. Заклучокот од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 14 септември 2020 година, по Точка 8, престанува да важи.

2. Се задолжува Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на приватниот партнер „НОРМАК ИНВЕСТМЕНТ ГРОУП“ АД Тетово да му издаде Сертификат за завршување на градежните работи, во рок од седум дена.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:25 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**д-р Драги Рашковски**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Зоран Заев**